# Информација за Приватност на Кандидат

Заштитата на лични податоци е од големо значење за Х&М и ние сакаме да бидеме отворени и транспарентни со нашето обработување на вашите лични податоци.

Поради истото ние имаме политика која предвидува како вашите лични податоци ќе бидат обработувани и заштитени.

**Кој е контролор на вашите лични податоци?**

Друштвото до кое вие аплицирате за работа ќе биде Контролор на вашите лични податоци согласно применливиот закон за заштита на лични податоци. Во Северна Македонија, тоа е друштвото Х&М ХЕННЕС & МАУРИТЦ МК ДООЕЛ Скопје (“**Х&М**”).

**Каде ги чуваме вашите лични податоци?**

Личните податоци кои ги собираме од вас се чуваат во рамки на Европската Економска Зона (“**ЕЕЗ**”) но можат да бидат пренесени и предмет на обработка и во земји надвор од ЕЕЗ. Секој таков пренос на лични податоци ќе биде спроведен во согласност со применливите закони.

За пренос надвор од ЕЕЗ, Х&М ќе ги користи Стандардните Договорни Клаузули (*Standard Contractual Clauses*) и Штитот за Приватност (*Privacy Shield*) како заштитни мерки во земјите за кои Европската Комисија нема донесено одлука за соодветност.

**Кој има пристап до вашите лични податоци?**

Вашите податоци може да бидат споделени во рамки на Х&М групацијата (за повеќе информации за компаниите во рамките на Х&М групацијата ве молиме видете во годишниот извештај кој може да се најде на about.hm.com).

Ние никогаш не ги предаваме, продаваме или заменуваме вашите лични податоци со трети страни надвор од Х&М групацијата за цели на маркетинг. Личните податоци кои се проследени до трети страни, единствено се проследуваат со цел да можеме да ви ги дадеме вас нашите услуги. Подолу ќе најдете информации за кои категории на трети страни согласно специфичните процеси станува збор.

**Кои се вашите права?**

**Право на пристап:**

Вие имате право да побарате информација во било кое време за вашите лични податоци кои ние ги имаме. Можете да го контактирате Х&М преку офицерот за заштита на лични податоци преку електронската пошта на GDPRemployMK@hm.com кој ќе ви ги обезбеди вашите лични податоци преку електронска пошта.



General Information

**Право на преносливост на податоци:**

Во било кое време кога Х&М ги обработува вашите лични податоци на автоматски начин врз основа на ваша согласност или врз основа на договор, вие имате право да добиете копија од вашите лични податоци во еден структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат, кои ќе се испратат до вас или до друга страна. Претходното единствено ги вклучува само личните податоци кои вие ни ги имате доставено нам.

**Право на исправка:**

Вие имате право да побарате исправка на вашите лични податоци доколку истите се неточни, вклучувајќи го правото да се дополнат нецелосните лични податоци преку давање на дополнителна изјава. По ваквото барање, можеме да ви одговориме не покасно од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

**Право на бришење ("право да се биде заборавен"):**

Вие имате право да побарате било кои од личните податоци кои се обработуваат од страна на Х&М да бидат избришани во било кое време, само доколку е исполнет некој од условите во член 21 од македонскиот Закон за заштита на личните податоци. Ова право на субјектот на лични податоци може да биде неприменливо во следните ситуации и до оној степен до кој обработката на личните податоци е неопходна:

- за остварувањето на правото на слобода на изразување и информирање;
- за усогласување со законска обврска која бара обработка според закон што се применува во однос на Х&М како контролорот на лични податоци, како и
- за воспоставување, остварување или одбрана на барања засновани на закон.

По ваквото барање, можеме да ви одговориме и да постапиме не покасно од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

**Вашето право на приговор на обработка врз основа на легитимен интерес**:

Вие имате право на приговор на обработката на вашите лични податоци која се врши врз основа на легитимен интерес на страна на Х&М. Х&М нема да продолжи со обработката на личните податоци освен доколку можеме да покажеме легитимен основ за обработка кој ќе преовлада над вашиот интерес и права или во случај на правни барања.

**Право на ограничување на обработка:**

Вие имате право да побарате од Х&М да ја ограничи обработката на вашите лични податоци под следните услови:

- Доколку поднесете приговор на обработка врз основа на легитимен интерес на страна на Х&М, Х&М ќе ја ограничи обработката на таквите лични податоци до потврдување на легитимниот интерес;



General Information

- Доколку наведете дека вашите лични податоци се неточни, Х&М мора да го ограничи обработувањето на такви податоци до моментот на потврдување на точноста на личните податоци;
- Доколку обработувањето се врши на незаконски начин, можете да се спротивставите на бришењето на таквите лични податоци и наместо тоа да побарате ограничување во користењето на вашите лични податоци;
- Доколку личните податоци повеќе не се потребни за Х&М но истите се потребни за да можете да воспоставите, остварите или одбраните правни барања.

**Како можете да ги користите своите права?**

Ние ја сфаќаме заштитата на личните податоци многу сериозно и поради истото имаме воспоставено посебна постапка за процесирање на вашето барање во врска со горенаведените права. Вие можете да го испратите вашето барање на еден од наведените начини:

- Кандидатите кои имаат аплицирано до Х&М ХЕННЕС & МАУРИТЦ МК ДООЕЛ Скопје, ве молиме испратете го вашето барање на GDPRemployMK@hm.com
- Доколку сте веќе вработен во Х&М, ве молиме испратете електронска порака до GDPRemployMK@hm.com

**Офицер за заштита на личните податоци:**

Ние имаме именувано Офицер за заштита на лични податоци со цел постојано да обезбедиме вашите лични податоци да се обработувани на еден отворен, правилен и законски начин. Нашиот Офицер за заштита на лични податоци можете да го контактирате на:

- Кандидатите кои имаат аплицирано до Х&М ХЕННЕС & МАУРИТЦ МК ДООЕЛ Скопје контактирајте го преку GDPRemployMK@hm.com
- Доколку сте веќе вработен во Х&М, ве молиме испратете електронска порака до GDPRemployMK@hm.com

**Право на приговор до надлежниот орган:**

Доколку сметате дека Х&М ги обработува вашите лични податоци на несоодветен начин, можете за истото да не контактирате. Вие исто така имате право да поднесете приговор до Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија (“**Агенција**”) како надлежен орган.

Подолу можете да ги најдете информациите за контакт од Агенцијата:

Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија
Булевар Гоце Делчев бр.18, Скопје, Република Северна Македонија
Email: info@privacy.mk



General Information

**Промени во нашето Известување за Приватност**

Можеби ќе имаме потреба да го надоградиме нашето Известување за Приватност. Ќе ве известиме за секоја суштинска промена кон Известувањето за Приватност, како што е на пример целта за обработка на вашите лични податоци, идентитетот на Контролорот или вашите права.

**Зошто ги обработуваме вашите лични податоци?**

Ние ќе ги обработуваме вашите лични податоци за време на управувањето со процесот на интерно или надворешно регрутирање во цел да комуницираме со вас како и за да го оцениме вашиот профил согласно моменталните и/или идните потреби од регрутирање во рамките на Х&М групацијата. Овој процес може да вклучува скрининг, интервјуа, тестови, проверка на препораки и за ваше информирање за нови работни места кои одговараат на вашиот профил.

Доколку ви е понудено работно место, исто така ние ќе ги обработуваме вашите лични податоци и за потреби на склучување на документи поврзани со вработување.

Ние можеби ќе ги обработуваме вашите лични податоци и со цел да ве информираме за отворени работни позиции и за анкети.

**Каков вид на лични податоци обработуваме?**

Ние ќе ги обработуваме личните податоци кои се доставени до нас или од ваша страна или од трета страна.

Ние ќе ги обработуваме следните категории на лични податоци кога вие ќе ја поднесете до нас вашата апликација, како што е CV или пропратно писмо:

- Контакт информации како што се име и презиме, електронска пошта (*email*), адреса и телефонски број
- Датум на раѓање
- Претходни работодавачи и препораки
- Фотографија
- Документи поврзани со процесот на регрутација, како што се забелешки од интервју и резултати од тестирање

Х&М не бара да му се доставаат сензитивни лични податоци (*посебни категории на лични податоци*), на пример како што се расно и етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања, членство во синдикални организации, податоци кои се однесуваат на здравје или сексуална ориентација, затоа ве замолуваме да не доставувате вакви информации во вашата апликација.

**Кој има пристап до вашите лични податоци?**

Податоците кои се проследени до трети страни исклучиво се користат за целите наведени претходно. Трети лица вклучува агенции за регрутирање (*приватни агенции за вработување*), даватели на услуги за тестирање и/или анкета.



General Information

**Кој е правниот основ за обработка на вашите лични податоци?**

Правниот основ за обработка на вашите лични податоци е согласно вашата согласност која ја давате со поднесувањето на вашата апликација и лични податоци во нашиот систем за регрутирање.

Доколку имате аплицирано надвор од нашиот систем за регрутација, обработката на личните податоци е согласно легитимниот интерес на Х&М.

**Колку време ги чуваме вашите лични податоци?**

Вашите податоци ќе ги чуваме до една година од денот кога податоците се последно обработени во рамките на нашиот процес на регрутирање или до моментот на повлекување на вашата согласност.

**Вашето право да ја повлечете вашата согласност:**

Вие имате право да ја повлечете вашата согласност за обработка на вашите лични податоци во било кое време.

Откако ќе го направите истото, Х&М нема да биде во можност понатака да продолжи со процесот на регрутација согласно вашата согласност.

Вашата согласност можете да ја повлечете на следниот начин:

- Кандидатите кои имаат аплицирано до Х&М ХЕННЕС & МАУРИТЦ МК ДООЕЛ Скопје контактирајте не преку GDPRemployMK@hm.com
- Доколку сте веќе вработен во Х&М, ве молиме испратете електронска порака до GDPRemployMK@hm.com

Ве молиме имајте предвид дека Х&М може да има потреба да ги чува вашите податоци и до две години со цел да одговори на тужби за дискриминација.

## Cookies

Cookies е мало парче податоци (текстуална датотека) кое веб-страницата – кога е посетена од корисник – бара од вашиот прелистувач да го чува на вашиот уред со цел да се запаметат информациите за вас, како што е Овие колачиња се поставени од нас и се нарекуваат колачиња од прва страна. Ние исто така користиме cookies од трети страни, кои се cookies од домен, освен доменот на веб-страницата што ја посетувате, за рекламни и маркетинг цели. Поточно, користиме cookies и други технологии за следење за следните цели:

### Строго неопходни cookies.

Овие cookies се неопходни за функционирање на веб-страницата и не можат да бидат оневозможени во нашите системи. Тие обично се наместени само како одговор на дејствата преземени од вас во врска со барање за услуги, како што се поставување на вашите преференци за приватност, влез или пополнување на формулари. Можете да го наместите вашиот прелистувач да блокира или да ве извести за овие колачиња, но некои делови од сајтот може да не работат во овој случај.

| Строго неопходни Cookies | | |
|---|---|---|
| **Подкатегорија cookies.** | **Cookies** | **Користени cookies** |
| hm.com | _ga, _gid, _gat | Прв дел |
| career.hm.com | OptanonAlertBoxClosed, JSESSIONID, NSC_xxxxxxxxxxxxxxx, OptanonConsent, NSC_WTFSW-MC-DBSFFS-IUUQ | Прв дел |
| youtube.com | YSC | Трето |

## Функционални Cookies

Овие cookies овозможуваат да се обезбедат засилени карактеристики и персонализација, како видео и чат во живо. Тие може да бидат поставени од нас или од страна на трети лица провајдери на услуги чии услуги ги дададовме на нашите страници. Ако не ги дозволите овие колачиња, Некои или сите овие карактеристики може да не функционираат како што треба.

| Функционални Cookies | | |
|---|---|---|
| **Подкатегорија Cookies** | **Cookies** | **Користени колачиња** |
| career.hm.com | __atuvc, __atuvs | Прв дел |
| addthis.com | uvc, xtc | Трето |
| s7.addthis.com | atrfs, atuvc, atuvs | Трето |

## Таргетирани cookies

Овие cookies се поставени преку нашиот сајт од страна на нашите рекламни партнери. Тие можат да бидат искористени од страна на овие компании за создавање профил на вашите интереси и прикажување на релевантни реклами на други сајтови. Тие работат со уникатно идентификување на вашиот прелистувач и уред.

General Information

Ако не ги дозволите овие cookies, нема да уживате во нашето целно рекламирање на различни веб-сајтови.

| Таргетирани cookies | | |
|---|---|---|
| **Подкатегорија cookies** | **Cookies** | **Користени cookies** |
| linkedin.com | AnalyticsSyncHistory, bcookie, lang, li_gc, lidc, UserMatchHistory | Трето |
| doubleclick.net | IDE, test_cookie | Трето |
| ads.linkedin.com | lang | Трето |
| www.linkedin.com | bscookie | Трето |